ПРАКСИС
Број на Службен весник:93/2011
Датум на објава на Службен весник:11.07.2011
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 51-б став 3 од Законот за земјоделското земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.135/07 и 18/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ПОМОШНИ ОБЈЕКТИ, ОРАНЖЕРИЈА ИЛИ ОБЈЕКТ ЗА ПРИМАРНА ОБРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ, ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### Член 1

Со овој правилник се пропишува постапката за издавање на согласност за градење на помошни објекти, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи на земјоделско земјиште, образецот на барањето и потребната документација.

### Член 2

Образецот на барањето за добивање на согласност за градење на помошни објекти, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи на земјоделско земјиште (во натамошниот текст:барање) е даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

### Член 3

Кон барањето се приложува следната документација:

1.Доказ за сопственост на земјоделско земјиште (имотен или поседовен лист со прилог правосилна судска одлука или правосилен акт од државен орган на управата или нотарски акт или правосилен акт за стекнување на право на сопственост во извршна постапка) или договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со записник за воведување во владение;

2.Основен проект за објектот за кој е извршена ревизија и

3. Копие од катастарски план за катастарската парцела на која треба да се гради објектот.

Потребната документација од став 1 на овој член се доставува во оригинал или во фотокопија заверена од нотар.

### Член 4

По барањето и доставената документација, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанст во рок од десет дена сметано од денот на поднесувањето врши теренски увид на лице место на земјоделското земјиште за кое се бара согласност за градење на помошни објекти, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи на земјоделско земјиште.

Теренскиот увид на лице место се врши од страна на службени лица од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во присутство на барателот заради утврдување на оправданоста за давање на согласност за градење на објекти од став 1 на овој член кои изготвуваат записник од констатираната состојба.

Врз основа на барањето, приложената документација и записникот од став 2 на овој член се издава согласност за градење на помошни објекти, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи на земјоделско земјиште или се одбива барањето.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објевување во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 22-4503
6 јули 2011 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
Љупчо Димовски, с.р.

**Прилог**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
Сектор за регистрирање и управување
со земјоделско земјиште

**БАРАЊЕ**
**за добивање на согласност за градење на помошни објекти, оранжерија или објекти за примарна обработка на земјоделски производи на земјоделско земјиште**

1.Податоци за подносителот на барањето.

Име и презиме/назив ____________________________________________
Адреса/седиште ________________________________________________
ЕМБГ/ЕМБС ___________________________________________________

2.Податоци за земјоделското земјиште за кое се поднесува барањето за добивање на согласност за градење на помошни објекти, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи на земјоделско земјиште согласно член 51-б став 1 од Законот за земјоделско земјиште.

Барањето за добивање на согласност за градење на помошни објекти, оранжерија или објекти за примарна обработка на земјоделски производи се поднесува за земјоделското земјиште во приватна сопственост во КО ___________, на КПбр.______, место викано _______, катастарска култура_________, катастарска класа__, површина_______м$^2$, евидентирано на имотен/поседовен лист бр.____, издаден од _____________________ под бр._____ од _______ година, односно на земјоделско земјиште во државна сопственост предмет на Договор за закуп бр.________ од _______ година, склучен помеѓу ______________ и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во КО____________, на КПбр.____, место викано ___________, катастарска култура_________, катастарска класа_____, површина ________м$^2$, евидентирано на имотен/поседовен лист бр. ____ издаден од _________________ под бр.______ од _______ година.

**БАРАТЕЛ,**

______________________

______________________
**Датум и место**

**(потпис и печат)**